UDK 811.163.3:811.512.161
81'282.8

Pregledni rad
Review paper

**Соња Новотни, Михајло Марковиќ**

# ЗА НЕКОИ ТУРСКИ ЈАЗИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ И НИВНАТА ФОНЕТСКА АДАПТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Овој труд претставува лингвистичка анализа на избрани турцизми кои се фреквентни во македонскиот јазик, но и во останатите балкански јазици, преку приказ на фонетската адаптираност во македонскиот јазик. Турскиот јазик извршил силно влијание во речникот на балканските јазици,а воедно и на македонскиот јазик. Турцизмитево македонскиот јазик се застапени со повеќе од три илјади лексички заемки (добар дел од нив веќе се чувствуваат како архаизми или излегле од употреба). Во оној фонд од зборови што го нарекуваме „турцизми“ се содржни голем број зборови од арапско и персиско потекло. Турскиот јазик во ваквите случаи се јавил како посредник при пренесувањето на тие лексеми.Одделни турцизми среќаваме во нашите текстови откај почетокот на XVI в. Тие навлегуваат во писмениот јазикзаедно со останатите лексички елементи од нашиот народен јазик. Бројот на турцизмите во македонскиот јазик го достигнал својот врв во XIX в., кога во градовите се зголемува фреквенцијата на турскиот јазичен елемент во најголема мера преку трговијата и занаетчиството. Турскиот јазик за говорителите од македонската интелегенција бил јазик што овозможувал контакт во рамките на пространата Отоманска Империја, односно средство за меѓународна комуникација. Оформувањето на македонскиот литературен јазик обележи уште една фаза во ограничувањето на употребата на турцизмите. Се разбира, покрај тоа во нашиот јазик се употребуваат ред турцизми што наполно се адаптирале во основниот речнички фонд и спаѓаат во неутралната лексика.

Целта на трудот е да се покаже силното влијание кое го има турскиот јазик низ вековите на синхрониски план на Балканот, но воедно компаративно да се даде фонетската адаптација на зачуваните турски јазични заемки во македонскиот јазик. При

истражувањето во најголема мера ќе се служиме со методите на ексцерпција, систематизација и елаборација, со што на проблематиката ќе и пријдеме од теоретски аспект, а воедно ќе ја доловиме практичната употреба на турцизмите во македонскиот јазик при нивното артикулирање. Разговорниот јазиќ ќе биде предмет на работа, токму поради неговата важност за пенетрирање и опстанување на турцизмите како дел од македонскиот литературен јазик. Најголем број на турцизми во македонскиот јазик се навлезени преку разговорниот јазик, односно во директна комуникација помеѓу припадниците на населението со говорен македонски јазик и оние што се користеле со турскиот јазик.

**Клучни зборови:** турцизми, македонски јазик, фонетска адаптација, лексеми.

Турскиот јазик извршил силно влијание во речникот на балканските јазици, меѓу нив и на македонскиот јазик. Турцизми се набројуваат во нашиот јазик на преку три илјади (добар дел од нив веќе се чувствуваат како архаизми или излегле од употреба). Распадот на Отоманската Империја означи решителен момент и за судбината на голем број турцизми во нашиот јазик. Многу зборови сврзани со државното устројство, правото, финансиите и сл. излегоа од употреба и беа брзо заборавени, зашто институциите што ја одржуваа нивната употреба беа укинати. Оформувањето на македонскиот литературен јазик обележи уште една фаза во ограничувањето на употребата на турцизмите. Се разбира, покрај тоа имаме се уште во нашиот јазик ред турцизми што наполно се адаптирале во основниот речнички фонд и спаѓаат во неутралната лексика. Тоа се пред се зборови што означуваат материјални предмети: *алва, нишесте, тава* итн. Некои турски наставки станале продуктивни во нашиот јазик. Кај именките тоа се наставките *-џија, -чија, -лак* и сл. (Конески 1965: 218-221)

Несомнено е дека проучувањето на турските јазични елементи во македонскиот јазик е од големо значење и има свое оправдување, бидејќи овие елементи со векови се присутни во народниот говор. Следствено, тоа има и голем придонес во проучувањето на народната литература, на фолклорниот материјал, како и за проучувањето на историјата на македонскиот народ. Голем број зборови коишто во македонскиот народен говорен јазик се преземени преку турскиот јазик, а со текот на времето станале составен дел и на македонскиот литературен јазик. Од тоа произлегува дека голем број изрази, народни песни, поговорки и анегдоти, гатанки не можат правилно да се сфатат и да се разберат без да се даде правилно објаснување на тие елементи (Škaljić1996: 11). Општо

земено, турските јазични елементи се третираат како ориентални зборови кои во поголемиот дел на Балканот, особено во словенско-балканските јазици, биле присутни дури и пред доаѓањето на Османлиските Турци на Балканот. Познато е дека со појавата на Аварите во Панонската Низина и со нивните контакти со балканското население, посебно со Словените, настанало извесно турско-татарско влијание, кое уште од тоа време, остава извесна трага и во балканските јазици. Така на пример, главната жена кај Аварите се викала Катун (tur. chatun, што означува угледна жена и од таму во словенските јазици доаѓа Кадуна - турска жена)(Jitroček 1952: 4) од што може да се заклучи дека некои зборови чие значење не е многу јасно, во словенските јазици биле под влијанието на турско-татарските јазици. Сепак, неоспорно е дека влијанието на турските јазични елементи во македонскиот јазик започнува со доаѓањето на Османлиите.

Познато е дека ниту еден јазик не е чист, дека секој има позајмени зборови од другите јазици. По пат на селидби на луѓето, и зборовите се пренесуваат од еден јазик во друг. Тоа зависи од разни околности (разлика во културата на народите, соседство, окупација и др.), до која мера поедичните јазици подлежат на повеќе или помалку влијанија на другите јазици. Истражувачите на условите и причините за навлегувањето на турцизмите во другите јазици констатираат дека „Сите словенски јазици кои биле под османска управа се развивале слободно, окупаторот бил индиферентен како спрема обичајите, така и спрема јазикот на Словените. Турцизмите не се со сила, ниту со некој плански систем наметнувани и со нивното присуство во словенските јазици не се навредувале јазичните чувства на словенските народи“. Зборови кои се земени од турско потекло, или преку турскиот јазик, зборовите од другите јазици кои се среќаваат во македонскиот, па и во другите словенски јазици, немаат иста вредност и исто значење. Затоа има потреба секој турски елемент да се анализира и да се разгледува од повеќе страни и од разни аспекти, бидејќи со тоа ќе може да се согледа карактерот на поедини зборови и нивниот статус, доколку зборовите се распределат во одредени групи како што се: 1) зборови кои немаат замена: *бакар, боја, бубрег, чорап, чешме, џеп, кутија* и др.; 2) зборови на кои може да им се најде замена, но нема потреба, или има замена, но замената не се употребува: *чаршаф, чобан, јастук, кусур, марама, мегдан, мираз, бајрак, гајтан, башка, комшија, пенџере* и др. (Аго 2006: 32, 33)

По доаѓањето на Балканот, македонските словенски племиња стапуваат во директен допир со балканските староседелци: Грци, Албанци и Власи кои,

поради словенските наезди, почнуваат да се повлекуваат од краевите во кои живееле со векови. Најјужните словенски племиња ги потиснуваат старите Грци сосем на југоисточниот дел на Балканот, а албанските племиња ги присилуваат да се повлечат длабоко во планинските краишта на најзападниот дел на Полуостровот, додека добар дел од Власите почнуваат да ги асимилираат. Со конечното населување на Словените на Балканот, во VII век, не се завршуваат и миграциите на Полуостровот. И во следните неколку века низ земјите во кои денес живеат Македонците, проаѓаат многу племиња и народи, а на македонската јазична територија се образуваат повеќе држави. До нови, позначајни и подолготрајни промени доаѓа во втората половина на XIV век со османските освојувања на Балканскиот Полуостров. Овие освојувања на Балканот предизвикуваат големи промени кај балканските словенски и несловенски народи. Пред крајот на XVI век Турците се апсолутни господари на Балканот а македонските земји се, уште од почетокот на XVвек, под турска власт. Со потпаѓањето под новите освојувачи, Македонците доаѓаат во тесен контакт со еден неевропски народ и со еден неиндоевропски јазик. Овој директен контакт, како и неколкувековното заедничко живеење на македонскиот и турскиот народ, не можеле а да не остават видни траги, во поголема или помала мера, и кај двата народа скоро во сите области на духовниот и материјалниот живот, макар што ни културата ни верата, ни јазикот, ни обичаите, ни степенот на развитокот немале многу заеднички компоненти (Јашар-Настева 2001: 18).

Разговорниот јазик го претставува основното јадро на литературниот јазик. Тој се употребува во секојдневниот живот, во семејството, на работа како и во вообичаените комуникативни односи помеѓу луѓето. Овој комуникативен акт се одвива на спонтан начин. Нормата на разговорниот јазик е многу еластична, таа понекогаш се зачувува, а понекогаш не, во зависност од многу фактори кои се наметнуваат при реализирањето на овој акт. Образовниот и културниот степен на говорителите како и нивното географско потекло како и ред други фактори, се важни чинители за почитување или непочитување на нормата.

Турцизмите во рамките намакедонскиот јазик се делат во три групи:а) зборови или изрази што не се употребуваат од помладата генерација: *akşam* (тур.); *акшам* (мак.), *kapı* (тур.); *капија* (мак.), *toptan* (тур.); *топтан* (мак.), *sefa* (тур.); *сефа* (мак.), *dikkat* (тур.); *дикат* (мак.) и др.; б) зборови кои се среќаваат во пасивниот лексички фонд на малку постарата генерација: *karar* (тур.); *карар* (мак.), *şükü*r (тур.); *шуќур* (мак.), *aferin* (тур.); *аферим* (мак.), *işare*t (тур.); *иша-рет* (мак.), *vergi* (тур.); *вергија* (мак.) и др.;  в) зборови кои се употребуваат без

некои ограничувања и се дел од неутралната или од активната лексика на литературниот македонски јазик: *şeker* (тур.); *шеќер* (мак.), *şerbet* (тур.); *шербет* (мак.), *bakır* (тур.); *бакар* (мак.), *berber* (тур.); *бербер* (мак.), *börek* (тур.); *бурек* (мак.) и др. (Муртезани 2002: 58-63)

Лексиката како најважен составен дел на македонскиот литературен јазик, покрај изворниот фонд, е составена и од голем број туѓи лексички елементи, од кои се изделуваат заемките од турскиот јазик кои речиси пет века пенетрирале непрекинато во лексичката структура на македонскиот јазик. Во македонскиот литературен јазик, најмногу се зацврстиле оние турски заемки кои воопшто не можат да се заменат. Познато е дека овие заемки главно ги пополнуват лексичките празнини во системот на јазикот што ги прима. Тие се често и единствени изразни средства и затоа се третираат и како нужни заемки. Овие терминолошки заемки можат да се поделат и на неколку семантички групи: а) терминологија за јадења: *helva* (тур.); *алва* (мак.), *yufka* (тур.); *јуфка* (мак.), *yahni* (тур.); *јанија* (мак.), *kadayıf* (тур.); *кадаиф* (мак.), *çorba* (тур.); *чорба* (мак.) и др.; б) терминологија за пијалоци: *çay* (тур.); *чај* (мак.), *boza* (тур.); *боза* (мак.), *şerbet* (тур.); *шербет* (мак.), *sahlep* (тур.); *салеп* (мак.), *kahve* (тур.); *кафе* (мак.) и др.; в) терминологија за облека: *çorap* (тур.); *чорап* (мак.), *mintan* (тур.); *минтан* (мак.), *şatı* (тур.); *шамија* (мак.), *yelek* (тур.); *елек* (мак.), *kolan* (тур.); *колан* (мак.) и др.; г) од терминологијата на кујната: *çini* (тур.); *чинија* (мак.), *cezve* (тур.); *џезве* (мак.), *tepsi* (тур.); *тепсија* (мак.), *sofra* (тур.); *софра* (мак.), *kazan* (тур.); *казан* (мак.) и др.; д) од терминологијата на музичките инструменти: *daire* (тур.); *дајре* (мак.), *gayde* (тур.); *гајда* (мак.), *saz* (тур.); *саз* (мак.), *tanbur* (тур.); *тамбура* (мак.), *zurna* (тур.); *зурла* (мак.) и др.; ѓ) од религиозната терминологија: *bayram* (тур.); *бајрам* (мак.), *ramazan* (тур.); *рамазан* (мак.), *hacı* (тур.); *хаџија* (мак.), *yatsı* (тур.); *јаџија* (мак.), *imam* (тур.); *имам* (мак.) и др.

Не се ретки случаи кога посебната функција на одделните турцизми се реализирала и на семантички план, особено кога се употребуваат со преносно значење. Со ваквите модификации се среќаваат низа турцизми, кои се мошне распространети и се употребуваат и во разговорна и во писмена форма на македонскиотлитературен јазик. Така, со метафорична употреба и со поголема фреквенција се среќаваат: дизгини „управување, власт“, ќорсокак „тешка, безизлезна ситуација“, чаршија „јавно мислење“. Од овие примери може да се заклучи дека првата група на турцизми, односно нивната употреба во рамките на македонскиот литературен јазик е поврзана само за означување на поими кои се преземени заедно со предметот од ориенталниот пазар. Втората група на турски заемки во литературниот македонски јазик е поврзана со тие зборови

кои се позајмуваат, најчесто од пасивниот, а понекогаш и од активниот вокабулар на разговорниот јазик со кои сака да се постигне стилистички ефект (Муртезани 2002: 63-70).

Треба да се констатира дека петте турски вокали: ***a, e, i, e, u,*** претрпуваат минимални измени. За нив е карактеристично она што, речиси, секогаш се задржуваат и тоа во сите позиции. Нивната артикулација никогаш не се разликува од артикулацијата на соодветните македонски вокали. За разлика од овие, вокалите: ***ı, ü, ö,*** претрпуваат поголеми измени, бидејќи за нив не постојат аналогни гласови во македонскиот фонетски систем. Поради ова тие се заменуваат со други блиски вокали (Јашар-Настева 2001: 176, 177).

Вокалитеа, *е, i, е, u.* Вокалот а - Најчесто овој вокал се задржува: *алаџа, анџак, арслан, ачик, ада, аба* за турските: *alaca, ancak, arslan, açık, ada, aba.* ***а*** > ***е*** - Преминувањето на ***а*** во ***е*** е прилично ретка појава. Ја забележуваме само воследниве неколку примери: *шемија, газеп* за турските: *şamı, gazap*. Ова преминување се забележува и пред консонантот ***т***: *занает, кабает, насиет, табиет за турските: zanaat, kabahat, nasihat, tabiat.* ***а*** > ***о*** - Се среќава особено во кумановскиот говор во: *омбар, потлиџан, собајле, тобор* за турските: *hambar, patlıcan, sabahleyin, tabur.* Вокалот ***е*** - Во голем број случаи се задржува во почетокот на зборот: *екмек, ексик, емнијет, еснаф, етраф* за турските: *ekmek, eksik, emniyet, esnaf, etraf.* Вокалот ***i*** - Како и претходните вокали, така и овој вокал главно се задржува во сите позиции: *ибрик, ибришим, идаре, челебија* за турските: i*brik, ibrişim, idare, çelebi.* Вокалот ***о*** - Овој вокал се задржува редовно и на почетокот и во средината на зборот: *олук, онбашија, орман, оџак, чорба* за турските: *oluk, onbaşı, orman, ocak, çorba.* Вокалот ***u*** - И вокалот ***u*** редовно се задржува: *уј͡гун, ујдурма, уста, курбан, учкур* за турските: *uygun, uydurma, usta, kurban, uçkur*.

Вокалите *ı, ö, ü.* Вокалот ***ı*** - Овој турски вокалнема замена, како во странските зборови присутни во турскиот јазик, така и во фонетскиотсистем на македонскиот литературен јазик. Вокалот ***ı*** често се заменува со слични вокали, или пак сосем исчезнува. Изговорот на овој вокал е задржан само во оние македонски говори во кои постои полувокалот ***ӑ. ı*** > ***а*** - Во зборовите во кои постои полувокалот ***ӑ,*** вокалот ***ı*** се заменува со овој вокал: *касмет* < *kısmet, џанам* < *canım, алтан* < *altın, калабалак* < *kalabalık, анладам* < *anladım, анама* < *hanım, јарамазлак* < *yaramazlık* и др. Меѓутоа, се среќаваат турски заемки во кои вокалот ***ı*** е задржан. Овој глас е задржан кај генерациите кои се школувале на турски јазик или кај оние кои имале почести контакти со турското население. ***ı*** > ***у*** - Оваа замена се среќава во ретки случаи: *каршилук*< *karşılık, азирлук* <

*hazırlık, арамилук < haramilık, будалалук < budalalık, ѓунлук < günlük, ектилук < ektilık, ербаплук < erbaplık, кадилук < kadılık* и др. ***ı > u:*** *аир < hayır, аирсиз < hayırsız, ајликчи < aylıkçı, анџија < hancı, аршин < arşın, бозаџија < bozacı, јузбаши <  yüzbaşı, карши < karşı* и др. Вокалот ***ö*** - Овој мек и преден вокал најчесто се заменува со вокалот ***o***: *ќосе < köse, ќоле < köle, ѓоз < göz, чомлек < çömlek, ќор < kör, ќотек < kötek, ќош < köşe* и др. ***ö > y:*** *бубрег < böbrek, душек < döşek, булук < bölük* и др. Вокалот ***ü*** - Овој вокал одговара на тврдиот тесен вокал у и најчесто се заменува со него: *букме < bükme, душман < düşman, бујук < büyük, дунја < dünya, рушвет < rüşvet* и др. ***ü > u:*** *мифтар < müftar, биљбиљ < bülbül* и др. (Аго 2006: 83, 84)

Во турската азбука има 21 консонант. Доста голем број консонанти во турските јазични елементи се измениле со текот на адаптирањето кон македонскиот фонетски систем. Пред сé, во очи паѓаат измените во турските јазични елементи на следниве турски консонанти: ***h, ğ, f, r, c,y,l.*** Во извесен број турски јазични елементи, некои од овие консонантипотполно исчезнуваат, а некои, пак, преминуваат во гласови блиски до нивниот изговор.

*h (х)*. Најчесто, овој консонант наполно исчезнува  во почетокот на зборот, а во некои случаеви тој се заменува и со други гласови. Постепено, употребата на ***h*** сé повеќе се намалува како во почетокот, така и во средината и на крајот на зборовите кои се преземени од турскиот јазик. Неговата позиција во заемките од турско, арапско и персиско потекло е најслаба, па дури и речисиредовно отпаѓа. Гласот ***h*** редовно отпаѓа во почетокот на заемките, а во помал број на средината и на крајот на зборот: *ајлаз < haylaz, арани < harani, уј < huy, ош-беш < hoş-beş, јаом < yahut, дикимаане < dikimhane, абер < haber, ава < hava, ајдук < haydut, азар < hazır, азнетар < haznedar, азно < hazine, ајван < hayvan, ак < hak, ал < hal, алва < helva, апс < hapis, апсана < hapishane, арам < haram, арамзаде < haramzade, арем < harem, арач < haraç, астрет < hasret, есап < hesap, маало < mahalle, раат <rahat, бисмилам < bismillah, сабајле < sabah, аван < havan, емен < hemen, ан < han, ем < hem, ер < her, ич < hiç* и др. (Аго 2006: 89, 90)

Меко *ğ* (ѓ). Мекото ğ во турскиот јазик има неинтензивен изговор во сите зборови од турско потекло. Овој консонант никогаш не доаѓа на почетокот на зборот, туку во средина и на крај кога воопшто тонот не се изговара. Меѓутоа, некои примери се со полна артикулација, како и македонскиот глас г, додека во некои примери воопшто нема артикулација, исто како и во турскиот јазик: а) заемки со полна артикулација: *ага <ağa, баглама < bağlama, безриган <boz-*

*doğan, букаги* < *bukağı, дограмаџи* < *doğramacı, еге* < *ege, леген* < *leğen, погача* < *poğaça* и др.; б) заемки со неинтензивен изговор: *јамурлук* < *yağmurluk, јатаан* < *yatağan, пезевенголи* < *pezevenkoğlu, сал'к* < *sağlık, чираам* < *çırağım* и др.

*f* (ф). Овој глас од турските заемки во многу примери доаѓа до супституција со консонантот ***в***, а во некои примери го задржува својот изговор: *вајде* <*fayda, верман* < *ferman, вес* < *fes, ветфа* < *fetva, севтоса* < *seftelemek* и др. (Аго 2006: 92, 93)

*y* (ј). Консонантот ***y*** во фонетиката на турскиот јазик се вбројува како полувокал и доаѓа најчесто на почетокот, на средина, а поретко и на крајот на зборот. Овој глас во турските јазични елементи се задржува главно пред тврдите вокали (***a,ı,o, u***): а) во почетокот на зборот: *јабанџија* < *yabancı, јанија* < *yahni, јаз'к* < *yazık, јок* < *yok, јолдаш* < *yoldaş, јорган* < *yorgan, јуз* < *yüz* и др.; б) во средината на зборот: *кајнак* < *kaynak, каја* < *kaya, кајмакам* < *kaymakam, пајтон* < *payton, сабајле* < *sabahleyin, кијамет* < *kıyamet, ујдиса* < *uydu*и др.; в) на крајот на зборот: *деребеј* < *derebeyi, колај* < *kolay, сарај* < *saray, сој* < *soy* и др. (Аго 2006: 93)

*r* (р). Турскиот глас ***r*** при преминот, во македонскиот јазик станува слоговен глас во оние зборови во кои пред него се наоѓал вокалот ***ı***. На тој начин се среќава: *лакрдија* < *lakırtı, калдрма* < *kaldırım, срма* < *sırma, шадрван* < *şadırvan* и др. (Јашар-Настева 2001: 191)

*c* (џ). Овој турски глас се задржува главно во почетокот и во средината на зборот: *џенк* < *cenk, џенем* < *cehennem, баџа* < *baca, мерџан* < *mercan, маџир* < *muhacir, хоџа* < *hoca* и др. Замената на с со друг глас е карактеристична за дебарските говори каде се заменува редовно со ж: жамиа, жубе, межлис, жамадан, жеп, меанжија, ожа, ажија, жам и др. Само во неколку заемки забележуваме замена на *c* со *ѓ*: *ѓуздан, ѓезве* и др.

*l* (л). Изговорот на овој турски глас се задржува како на почетокот, така во средината и на крајот од зборот: *лезет* < *lezzet, леќе* < *leke, локум* > *lokum.* Во извесни македонски говори, турското *l*, како и македонското, се вокализира. Оваа појава е редовна во турските заемки што се употребуваат во Тетовско и Кратовско: *аува* < *helva, топау* < *topal, коупите* < *kolpide, шауваре* <*şalvar* и др. Што се однесува до мекоста на турското ***l***, таа се задржува пред меките вокали ***e*** и ***u***. Оваа мекост е зачувана како во македонските народни говори, така и во литературниот јазик, само што, според македонскиот правопис, не се одбележува. Мекоста на турското ***l***, се бележи со гласот ***љ:*** *тељ, биљбиљ, пељте, бољме, диљбер* и др. (Јашар-Настева 2001: 192-194)

Во процесот на восприемање на зборовите од еден јазик во другдоаѓа до фонолошка адаптација за јазикот-примач зборот од јазикотдавач да го чувствува како свој. Всушност, на тој начин јазикот примач новиот збор од јазикот-давач го вклопува и го хармонизира восвојата јазична структура и свест.Таква е состојбата со меѓусебното влијание на турскиот јазик, како давач, и на македонскиот јазик, како примач. Сите нови турски зборови ко и што навлегувале и си го утврдувале своето место, од страна на македонскиот народ доживувале фонетска адаптација. Турското влијание врз фонетскиот систем намакедонскиот јазик е најголемо во поглед на: *одржување и утврдување на фонеми во фаза на исчезнување* (*/х/,/л'/, /ă/*); *палатализација на одредени фонеми* (*/к/, /г/, /л/*); *внесување нови фонеми* (*/џ/, /ф/*).

Во поглед на првото, како што наведовме погоре, во текот на XVI век голем дел од македонските говори пополека почнале да ја губат фонемата */х/*. А токму во овој период турските заемки почнале да навлегуваат во поголем број и пополека да си го утврдуваат своето место во македонскиот јазик. Македонските говорите ли слушајќи ги, а во голем дел и присвојувајќи ги зборовите *алах* < тур. им. Allah; *махале* < тур. им. mahalle; *хаџи* < тур. им. hacı; *хан* < тур. им. han; *харман* < тур. им. harman; *харч* < тур. им. harç; *хат* < тур. им. hat; *хич* < тур. прил. hiç; *чохаџија* < тур. им. çuhacı; *хикимџија* < тур. им.hekim; *хараччија* < тур. им. haraççı; *харамилук* < тур. им. haramilik; *харемлак* < тур. им. haremlik; *хаирсăз* < тур. им. hayırsız; *хазарлăк* < тур. им. hazırlık, добивале поддршка во своите говори да не ја изгубатфонемата /х/. Оваа појава мошне сликовито ја опишува Блаже Конески: „…Зачувањето на /х/ во градскиот охридски говор несомнено придонесло и тоа што /х/ започнало да се сфаќа како одлика на попрефинетиот изговор, бидејќи се среќавало во јазиците со престиж (турски, грчки), кои им биле познати на повеќе претставници на градската средина во XIX век во Охрид…" (Конески, 2001: 93). Во стариот период македонскиот јазик имал меко /л'/, кое воисторискиот развој преминало во полумеко /л/, а при крајот на 14 векво централните говори, во прилепскиот и во велешкиот говор наполно затврднало. При крајот на X век и почетокот на XI век во западните македонски дијалекти еровите се изговарале неинтензивно и се загубиле, а во источните дијалекти еровите биле интензивни и конечно преминале во вокалите /о/, /а/, /е/. Македонските дијалекти набргу доаѓаат во директен контакт со турскиот јазик, што во себе содржи голем број зборови со шва-вокал /ə/. Во источните говори овој темен вокал или шва-вокал редовно почнал да се изговара во турцизмите, како *кăна* < тур. им. kına; *кăсмет* < тур. им. kısmet; *сăклет* <

тур. им.sıklet; *пишманлӑ́к* < тур. им. pişmanlık; *сакатлӑк* < тур. им. sakatlık; *сӑкӑлма* < тур. им. sıkılma; *колајлӑк* < тур. им. kolaylık и слично, а во западните а-говори овој шва-вокал во текот на адаптацијата преминал во вокалот /а/: *кана, касмет, саклет, пишманлак, сакатлак, сакалма,колајлак* и сл. Денес шва-вокалот во турцизмите во македонскиот јазик се прикажува со вокалот /а/, бидејќи за основа на современиот македонски јазик се земени западните а-говори. Но овој вокал и денесе присутен во источните говори. Токму турската фонема /х/ вотурските заемки придонела темниот вокал да не исчезне од некои народни говори во Македонија (Леонтиќ, 2009: 89-93).

Во поглед на второто, прасловенските фонетски групи tj (kt), dj се заменуваат со фонетските групи /шт/, /жд/ и со фонемите /ќ/, /ѓ/. Замените со /ќ/, /ѓ/ надвладеале, бидејќи овие фонеми нашле поддршка од грчките лексички заемки, кои содржеле меко /к/ и/г/ какви што се *ќерамида, ангел, калуѓер* и од лексемите навлезени од север преку српските говори, како што се *свеќа, куќа, меѓа, ноќ* ислично. Во новиот период со навлегувањето во македонскиот јазик наголем број турцизми што ги содржат меките фонеми /к/ и /г/ и задржувањето на нивниот мек изговор при адаптација во македонскиот јазик, придонесло употребата на консонантите /ќ/ /ѓ/ во македонскиот јазик да се зголеми, а истовремено и да се зацврсти позицијата на овие фонеми во македонскиот консонантски систем. Македонскиот говорител честопати бил соочен пред вокалите /е/,/і/, /â/, /ö/, /ü/ меките турски консонанти /k/, /g/, /l/ во македонскиот јазик да ги пренесе на следниов начин: kel > *ќелав*; kibrit > *ќибрит;* kâr > *ќар;* kör > *ќор;* küp > *ќуп;* gevrek > *ѓеврек;* gizli > *ѓизли;* gâvur > *ѓаур;* gön >*ѓон;* gül > *ѓул;* güzel > *ѓузељ;* dilber > *дил̀бер;* ilâç > *иљач;* bölme > *бољме;* bülbül > *биљбил* и др.

Во поглед на третото, влијанието на турскиот јазик не само што е големо во поглед на одржувањето и на палатализацијата на одредени фонеми во македонскиот јазичен систем, туку е големо и во поглед на внесувањенови фонеми.Во стариот период фонемата /ч/ немала свој звучен парник. Гласот/џ/, пред да се оформи како посебна фонема, се јавувал при едначење по звучност, во состав на консонантската група жџ и при замена на /џ/со /ж/ во почетните консонантски групи (Леонтиќ, 2009: 89-93).Во новиот период навлегувањето на турцизмите што ја содржат фонемата /џ/ како што се: *филџан* < тур. им. fincan; *оџак* < тур. им.o cak; *џамија* < тур. им. cami; *џеб* < тур. им. cep; *џамбаз* < тур. им. cambaz; *џамлија* < тур. прид. camlı; *џумбушлија* < тур. прид. cümbüşlü овозможувало фонемата /џ/ да се осамостои во посебна фонема.Посебно

суфиксот -џи (ја), кој се покажал посебно продуктивен возборо образувањето, обезбедил независна позиција на фонемата /џ/. Сп.: *аберџија, арабаџија, бичкиџија, бозаџија, бојаџија, гајдаџија, кавалџија, дуќанџија, кираџија, сапунџија, иљаџија, јаланџија, кафеџија* и др. Во стариот период, фонемата /ф/ што не е карактеристична за прасловенскиот јазик, доаѓа преку грчките заемки. Во народниот јазик,бидејќи фонемата /ф/ тешко се изговарала, се адаптирала прво со /п/, а подоцна се заменувала со фонемата /в/. Оваа ситуација се надминала во новиот период со примањето на ред турцизми со фонемата /ф/ како што се: *филџан* < тур. им. fincan; *фидан* < тур. им. fidan; *филиз* < тур. им. filiz; фајдалија < тур. прид. faydalı; *фодулак* < тур. им. fodulluk; *фукаралак* < тур. им. fukaralık; *фурнаџија* < тур. им. fırıncı; *фустанлак* < тур. прид. fistanlık, коив-лијаеле на утврдувањето и на редовната употреба на оваа фонема. Присуството на фонемата /ф/ во зборови од грчко и од турско потекло, кои биле престижни јазици, се сметало за специфичност на префинетиот говор на вишиот општествен слој, и придонесло тие редовно да се користат и да се утврдат во македонскиот јазик.

**Заклучни согледби.** Материјалот што го анализиравме јасно укажува на фактот дека турскиот јазик одиграл значајна улога во одредена етапа од историскиот развиток на македонскиот јазик. Интензитетот на турското влијание бил таков што речиси и да нема област од материјалниот и од духовниот живот во кој тој не се почувствувал. Ова е сосема разбирливо, со оглед на тоа што македонскиот народ живеел во непосреден контакт со турското население во тек на неколку века. Влијанието на турскиот јазик врз македонскиот најверојатно започнало непосредно по доаѓањето на Османлиите, што значи некаде пред крајот на XIV и во почетокот на XV век и најмногу се чувствува на лексичко ниво. Голем број зборови од словенско потекло биле заменети со заемки од турскиот јазик.Заемките што влегле во македонскиот јазик се потчинувале до голема мера на законите на македонскиот фонетски и морфолошки систем. Во текот на своето адаптирање поголеми гласовни промени претрпеле вокалите *ı, ö, ü* и консонантите *h, f, ğ, c, y*. Влијанието на турцизмите подоцна се раширило и во фонетиката, морфологијата, фразеологијата и синтаксата. Тенденцијата за изместување на турцизмите со зборови од словенско потекло е несомнена, но и покрај тоа во македонскиот стандарден јазик е зачуван голем број зборови што воопшто не се чувствуваат како туѓи, туку како составен дел на македонската лексика.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Аго, Актан (2006), *Турските јазични елементи во јазикот на Марко Цепенков*, Логос-А, Скопје
2. Бугарски, Ранко (2001), *Јазици*, ЕИН-СОФ, Скопје
3. Јашар-Настева, Оливера (2001), *Турските лексички елементи во македонскиот јазик*. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје
4. Јашар-Настева, Оливера (1987), *Турските елементи во јазикот и стилот на македонската народна поезија,* МАНУ, Скопје
5. Конески, Блаже (1965), *Историја на македонскиот јазик.* Скопје: Култура.
6. Конески, Блаже (1967), *За македонскиот литературен јазик.* Култура, Скопје
7. Конески, Блаже (1971), *Јазикот на македонската народна поезија*, МАНУ, Скопје
8. Конески, Блаже (1987), *Граматика на македонскиот литературен јазик.* Култура, Скопје
9. Конески, Блаже (2001), *Историска фонологија на македонскиот јазик.* Култура, Скопје
10. Леонтиќ, Марија (2009), *Турските суфикси во македонскиот јазик со паралели од македонската патронимија и топонимија.* (необјавена докторска дисертација), Универзитет „Свети Кирил и Методиј" - Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје
11. Муртезани, Изаим (2002), *Турцизмите во јазикот на албанската и македонската народна поезија.* Скопје: Матица македонска.
12. Škaljić, Abdulah (1996), *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku,* Svetlost, Sarajevo
13. Jitroček, Č. (1952), *Istorija Srba.* Izdanje, Beograd

# FOR SOME TURKISH LANGUAGE ELEMENTS AND THEIR PHONETIC ADAPTATION IN MACEDONIANLANGUAGE

**Summary**

This paper presents a linguistic analysis of selected Turcizm which are frequent in the Macedonian language and in other Balkan languages, through the preview of phonetic adaptation to Macedonian language. Turkish had a great influence in the vocabulary of the Balkan languages, as well as the Macedonian language. Turcizm in the Macedonian language is represented by more than three thousand lexical loanwords (some of them already feel as archaisms or were not used). In that fund of words we call "Turcizm" is contained many words from Arabic and Persian origin. Turkish in these cases occurred as an intermediary in the transfer of these languages. Certain Turcizm found in our texts out from the early 16th century. They had entered the written language along with other lexical elements of our national language. The number of Turcizm in Macedonian language peaked in the 19th c., when in cities increases the frequency of Turkish language element mainly through trade and crafts. Turkish languagefor the Macedonian intelligence was language that enabled contact within the Ottoman Empire,and for the international communication. The establishment of the Macedonian literary language marked another stage in limiting the use of Turcizm. Of course, in addition to our language are used as row Turcizm completely adapted to the dictionary in the basic fund and fall into the neutral vocabulary. The purpose of the paper is to show the strong influence that has the Turkish language from centuries of synchronic plan in the Balkans, but also to give a comparative phonetic adaptation of preserved Turkish language loanwords in the Macedonian language. During the research will mostly not use methods excerption, systematization and elaboration, making the issue will approach the theoretical aspect, but also will capture the practical use of Turcizm in Macedonian language and their articulation. The spoken language will be the subject of work, precisely because of its importance to penetrating and survival of Turcizm as part of the Macedonian literary language. The largest number of Turcizm in the Macedonian language is entered through spoken language, ie direct communication between members of the population who speaking the Macedonian language and those who used in Turkish language.

**Keywords:** Turcizm, Macedonian language, phonetic adaptation, lexeme.

Adresa autora
Authors' address
Соња Новотни, Михајло Марковиќ
Државниот универзитет во Тетово
snovotni@yahoo.com, mihajlomarkovikj@gmail.com